РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе одлука со која **се врши намалување на малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 2,93%** во однос на Одлуката од 07.09.2020 година.

Малопродажните цени на бензините **ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98 се намалуваат за 1,00 ден/лит** и со тоа малопродажната цена на **ЕУРОСУПЕР БС-95 ќе изнесува 58,50 ден/лит,** додека малопродажната цена на **ЕУРОСУПЕР БС-98 ќе изнесува 60,50 ден/лит.**

Малопродажните цени на **ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) и на Екстра лесното масло за домаќинство (ЕЛ-1), се намалуваат за 1,50 ден/лит и ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) и Екстра лесното масло за домаќинство (ЕЛ-1) ќе изнесуваат 49,00 ден/лит.**

**Малопродажната цена на Мазутот М-1 НС се намалува за 1,407 ден/кг и ќе изнесува 24,549 ден/кг.**

Од 15.09.2020 година од 00:01 часот максималните цени на нафтените деривати ќе изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| Моторен бензин | ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 58,50 (денари/литар) |
| Моторен бензин | ЕУРОСУПЕР БС -98 | 60,50 (денари/литар) |
| Дизел гориво | ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 49,00 (денари/литар) |
| Масло за горење | Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 49,00 (денари/литар) |
| Мазут М-1 НС | | 24,549 (денари/килограм) |

Во изминатиот седумдневен период **сите референтните цени на светските берзи** во просек бележат намалување и тоа: на бензинот за 5,950 %, на дизелот за 9,999%, на екстра лесното масло за 9,239 %, и на мазутот за 9,018% .

Во истиот период **курсот на денарот во однос на доларот е повисок** за 0,496%.

Напоменуваме дека ова се максималните цени на нафтените деривати од 00:01 часот на 15.09.2020 година. Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките утврдени цени.

Малопродажните цени на ЕУРОДИЗЕЛ и ЕУРОСУПЕР БС – 95 во Северна Македонија и неколку земји од ЕУ (https://ec.europa.eu/energy/data-analysis/weekly-oil-bulletin_en од 07.09.2020), се дадени во следната табела:

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-036/2019

Табела 1. Малопродажни цени на Еуродизел и Еуросупер БС-95

| | Еуродизел (ЕУР) | ЕУРОСУПЕР БС – 95 (ЕУР) |
|---|---|---|
| Северна Македонија | 0,795 | 0,950 |
| Австрија | 1,026 | 1,070 |
| Бугарија | 0,933 | 0,923 |
| Хрватска | 1,150 | 1,233 |
| Германија | 1,067 | 1,290 |
| Грција | 1,154 | 1,432 |
| Италија | 1,282 | 1,398 |
| Унгарија | 1,036 | 1,038 |
| Словенија | 1,000 | 1,004 |